# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 11.12.2019 год.<br>Скопје<br>Број 23 год. XIV | Претплатата за 2019 год.<br>изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |
|---|---|---|



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


декември, 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Драч, Република Албанија, со Решение за објавување ........................................................................ 1 - 2

- Правилник за финансирање проект од локален интерес за развој на Центарот за современа уметност, култура и политики, со Решение за објавување ........................................................................ 3 - 8

- Одлука за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................ 9 - 16

- Одлука за изземање на јавните објекти на територија на Општина Центар-Скопје чии градежни парцели се опфатени со Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година, со Решение за објавување ........................................................................ 17 - 19

- Одлука за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година, со Решение за објавување ........................................................................ 20 - 21

- Одлука за доделување парични средства на Здружение на граѓани-Одбор за традиционална прослава на Бадник Скопје, со Решение за објавување ........................................ 22 - 23

- Одлука за одобрување парична помош за лекување на Чедомир Цветковски, со Решение за објавување .................................. 24 - 25

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........................................................................ 26 - 27

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........................................................................ 28 - 29

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........................................................................ 30 - 31

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за јавни работи на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........................................................................ 32 - 33

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за реконструкција и санација на основните училишта и на детските градинки на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ..................................................................... 34 - 35

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за локален економски развој за 2018 година, со Решение за објавување ..................................................................... 36 - 37

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за Култура за 2018 година, со Решение за објавување ................................. 38 - 39

- Јавни објави ......................................................................................... 40 - 47

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Драч, Република Албанија**

Се објавува Одлуката за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Драч, Република Албанија,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година.

Бр. 09-5980/3
10.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Драч, Република Албанија**

**Член 1**

Се доделува парична помош во износ од 800.000,00 денари за настраданите од земјотресот во Драч, Република Албанија.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се издвојуваат од постојаната резерва на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на посебната сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија - Фонд за солидарност на Црвен крст на РМ - 300000001327966 ДБ 4030984271620 - Комерцијална банка, цел на дознака: уплата за настраданите од земјотресот во Република Албанија.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5980/2
10.12.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за финансирање проект од локален интерес за развој на Центарот за современа уметност, култура и политики**

Се објавува Правилникот за финансирање проект од локален интерес за развој на Центарот за современа уметност, култура и политики,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година.

Бр. 09-5980/5
10.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (!Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 19/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за финансирање проект од локален интерес за развој на Центарот за современа уметност, култура и политики

### I. Вовед

Во функција на поддршка, промоција, афирмација и унапредување на креативните можности и изразување на македонската културна сцена, Општина Центар зема обврска за финансиска поддршка на активностите поврзани со развојот на современите уметности, култура и политики, со долгорочна цел - формирање институција за современи уметности, култура и политики.

Поаѓајќи од нејзината просторна зафатеност, високо урбанизиран простор, Општина Центар-Скопје особено се залага за привлекување на професиналците во културата и за поттикнување на ентузијазмот кај младите културни творци, со цел да придонесат кон заедницата на микро и макро ниво.

При недостиг на простор, како и на содржини што се во релација со новите и современи текови во полето на уметноста и културата, како и креирање на јавните политики и на политиките од областа на културата, Општина Центар-Скопје преку овој Правилник има цел да покаже поголем ангажман кон продуцирањето на нова современа култура и уметност.

Основачите и партнерите ќе имаат цел да основаат платформа со која ќе формираат установа во форма на јавно-приватно партнерство со Општина Центар-Скопје.

### I.1. Цел

Главна цел на воспоставувањето на овој Правилник е Општината да идентификува организација/организации – соработници што дејствуваат во Оопштина Центар и развиваат активности и програми поврзани со развој на современиот уметнички израз, култура и јавни политики.

Општина Центар-Скопје има цел:

- да ја реализира Програмата за култура на Општина Центар-Скопје бр. 08-5616/20 од 25.12.2018 година, ставка 4.17 Развој на Центар за современа култура, уметност и културни политики на Општина Центар, преку физибилити студија и доделување договор за јавно-приватно партнерство;

- да воспостави соработка со долгорочни стратегиски партнери и соработници, професионалци од сферата на културата;
- континуирано да го развива полето на соработка со партнери и соработници од сферата на културата преку можноста за формирање јавно-приватно партнерство.

**I.2. Принципи и вредности**

Општина Центар, како најурбана општина во Македонија, треба да продуцира нова култура и уметност, заедно со и за професионалците и заедницата, истовремено следејќи ги најновите текови на развој на културните и на јавните политики во линија со европските насоки.

Увидувајќи ги констатираните потреби и недостатоци, Општина Центар-Скопје треба да спроведе истражување (физибилити студија) со кое ќе се утврди оправданоста за развој на затворен инфраструктурен капацитет, како и долгорочна и издржана содржина и програма за просторот со кој ќе располага.

Општина Центар се залага:

- да обезбеди структурен пристап кон градењето автентична културна политика и активности, базирана врз потребите на граѓаните што ќе бидат инклузивни на сите потреби на граѓанскиот сектор, институциите, културните работници и индивидуите;
- да придонесе кон развој на Центар за современа уметност, култура и политики, да овозможува градење на меѓународни партнерства што директно ќе придонесуваат за вклучување во модерните текови на културно-уметничкиот израз;
- континуирано да истражува и да имплементира нови модели на соработка, со цел да овозможи одржлив и мотивирачки развој во областа култура, со вклученост на сите засегнати страни.

Според овој правилник, целни групи од значење за Општина Центар-Скопје се:

- жителите на Општина Центар-Скопје;
- уметниците од Општина Центар-Скопје;
- културните дејци од Општина Центар-Скопје.

Во согласност со овој Правилник, очекувани резултати се:

- физибилити студија за оправданоста за развој на затворен инфраструктурен капацитет, како и долгорочна и издржана содржина и програма за просторот со кој ќе располага;
- воспоставување јавно-приватно партнерство;
- развој на инфраструктурен капацитет со кој ќе располага Општина Центар.

**II. БУЏЕТ**

Проектот поддржан од овој конкурс ќе биде составен дел на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2019 година, за ставка 4.17 Развој на Центар за современа култура, уметност и културни политики на Општина Центар-Скопје.

Износот на финансиската поддршка на избраниот проект ќе биде одреден во согласност со критериумите и квалитетот, а во рамките на предвидените средства во Програмата и Буџетот на Општината.
Општина Центар-Скопје склучува договор за финансирање со субјектот чиј проект ќе биде избран на јавен конкурс во согласност со одредбите од овој Правилник.

## III.ПРОЦЕС

### III.1. Конкурс/Објавување

Конкурсот се објавува на официјалната веб-страница на Општината и во локалните медиуми. Рок за прибирање на апликациите е 30 дена од моментот на распишување на конкурсот.

### III.2. Право на учество

На конкурсот може да учествуваат и да се пријават:

- здруженија на граѓани и друг вид регистрирани организации во полето на културата, асоцијации, партнерски платформи (неформални, со координатор партнер);
- конзорциуми што професионално ја извршуваат дејноста во полето современа уметност и култура;
- други правни лица регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејности од областа на културата што се одвиваат во Општина Центар-Скопје.

Пријавените здруженија на граѓани и друг вид регистрирани организации во полето на културата, асоцијации, партнерски платформи, конзорциуми што професионално ја извршуваат дејноста во полето современа уметност и култура и други правни лица, треба да имаат најмалку пет години работно искуство во полето култура и уметност, со квалитетно приложено портфолио.
Пријавените кандидати мора да бидат со седиште во Општина Центар-Скопје.

### III.3. Услови за пријавување

Пријавувањето се врши со доставување пријава по објавениот конкурс. Со пријавата задолжително треба да се достави прецизна програма со план за развој на проектот.
Проектот – предлог-планот за развој треба да содржи минимум шест од следниве услови за да биде разгледуван од комисијата:

1. Да развива и да продуцира проекти во полето современа уметност и култура;
2. Да вклучува меѓународни проекти и соработки како дел од програмата;
3. Да вклучува истражувања и/или конференции, симпозиуми и сл. во полето на културните политики;
4. Да има развиени човечки капацитети за спроведување на програмата;
5. Да ја афирмира Општината на локално ниво;
6. Да ја афирмира Општината на меѓународно ниво;
7. Да овозможува достапност и пристап на културата до граѓаните;
8. Да вклучува активности за различни старосни групи;
9. Да ги афирмира младите професионалци во културата и уметниците;

10. Да овозможува услови за продукција и развој на професионалците и уметниците;
11. Да развива партнерства на локално и на меѓународно ниво;
12. Да направи план за развој на проектот во можно јавно-цивилно партнерство.

Од горенаведените 12 услови, задолжителни услови за аплицирање се следните четири:

- 1. Да развива и да продуцира проекти во полето современа уметност и култура;
- 3. Да вклучува истражувања и/или конференции, симпозиуми и сл. во полето на културните политики;
- 4. Да има развиени човечки капацитети за спроведување на програмата;
- 7. Да овозможува достапност и пристап на културата до граѓаните.

**III.4. Потребни документи за пријавување на конкурсот**

Проектите што ќе конкурираат со пријава по објавениот конкурс, задолжително треба во прилог да достават:

- Преглед на веќе реализирани активности и проекти;
- План на (тековни и извршени) активности за 2018 и за 2019 година, со што ќе се утврдат квалитетот и стручноста, план за следната година и долгорочни цели за развој на партнерство со Општината;
- Портфолио на организацијата и на партнерите;
- Биографии на лицата вклучени во проектот;
- Документ за регистрирана дејност (ДРД-образец), тековна состојба или решение за регистриран субјект издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија; и
- Потврда за обезбеден простор каде што ќе се изведуваат активностите (договор).

**III.5. Критериуми за евалуација на квалитетот на проектот**

Проектите што ќе конкурираат со пријава по објавениот конкурс мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

- организација/организации со искуство во полето најмалку пет години;
- најмалку десет проекти извршени во последните три години што соодветствуваат со зададените критериуми (портфолио);
- проектот и програмата да содржат најмалку пет од условите за конкурирање;
- да има стручни кадри што ќе бидат вклучени во проектот/програмата;
- да има план на активности во полето на современите уметности, култура и политики (тековни и извршени) за 2018 и за 2019 година;
- да има план за активности за 2020 година;
- да има мерливи резултати и ефекти од имплементацијата на програмата;
- да предложи изработена стратегија за развој на институција за современа уметност, култура и политики во Општината што е во согласност со Стратегијата за развој на Општина Центар-Скопје од областа на културата.

**III.6. Начин и рок за поднесување на апликациите**

Пријавувањето на конкурсот се врши со доставување апликација што ја составува подносителот според објавените услови и критериуми. Овој конкурс ќе биде објавен на интернет-страницата на Општина Центар-Скопје (www.centar.gov.mk) и во локални медиуми.

Апликациите со потребните документи треба да се доставуваат до Општина Центар-Скопје на адреса: ул. „Михаил Цоков“ бр. 1, 1000 Скопје или со нивно предавање во архивата на Општината најдоцна до 15 часот на последниот ден од конкурсот.

**III.7. Постапка по објавување на конкурсот**

Нема да бидат разгледувани апликациите што се доставени по истекот на конкурсот и со нецелосно приложени потребни документи. Материјалите доставени со апликациите не се враќаат.

Конкурсот ќе трае 30 дена од денот на објавувањето во локалните медиуми, а ќе биде објавен и на интернет-страницата на Општина Центар-Скопје (www.centar.gov.mk).

За резултатите од конкурсот учесниците ќе бидат писмено известени.

Бр. 08-5980/4
10.12.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година.

Бр. 09-5980/7
10.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19) и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, во согласност со Генералниот урбанистички план на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр. 18/12), Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ" бр. 78/06 и 37/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13; 167/13 и 37/14).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје е со површина од 50,23 ха.

Границата на планскиот опфат е дефинирана:

- На север по оската на улица „Белградска";
- На исток по оската на улица „Црниче" и границите на КП 2763/1, КП 2763/2 и КП 2765;
- На југ по оската на планираната Јужна обиколница; и
- На запад по оската на улица „Тодор Александров".

## Член 3

Во утврдените граници на опфатот од член 2 е следнава содржина:

ДОКУМЕНТАЦИОНА
ОСНОВА........................................................................................ 10
1. Вовед
........................................................................................................ 10
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
........................................................................................................ 11
3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат
........................................................................................................ 16
4. Податоци за природни чинители
........................................................................................................ 17
4.1 Климатски карактеристики
........................................................................................................ 17
4.2 Релјефни карактеристики
........................................................................................................ 18
4.3 Сеизмолошки карактеристики
........................................................................................................ 19
4.4 Вегетациски карактеристики и пејзаж
........................................................................................................ 19
5. Податоци за создадени вредности и чинители
........................................................................................................ 19
5.1 Намена на земјиштето
........................................................................................................ 19
5.2 Инвентаризација на градежен фонд
........................................................................................................ 21
5.3 Демографија
........................................................................................................ 23
5.5 Комунална инфраструктура
........................................................................................................ 39
5.6 Културно наследство
........................................................................................................ 39
6. Анализа на документациона основа
........................................................................................................ 45
7. Анализа на можностите за просторен развој
........................................................................................................ 45
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
........................................................................................................ 46
1. Вид план, назив на подрачјето на планскиот и плански период
........................................................................................................ 46
Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат
........................................................................................................ 46
2. Опис и образложение на планскиот концепт
........................................................................................................ 46

3. Поделба и нумерација на опфати ........................................................................................................ 49

4. Нумерички показатели на ниво на плански опфат ........................................................................................................ 49

4. Инфраструктура ........................................................................................................ 57

4.1 Сообраќај ........................................................................................................ 57

5.2 Нивелациско решение ........................................................................................................ 61

5.3 Хидротехничка инфраструктура ........................................................................................................ 61

5.4 Електроенергетски и ПТТ-инсталации ........................................................................................................ 62

6. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање и реализација на планските решенија ........................................................................................................ 65

7. Културно наследство ........................................................................................................ 65

8. Мерки за заштита ........................................................................................................ 70

8.1 Мерки за заштита на животната средина ........................................................................................................71

8.2 Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи ........................................................................................................ 71

8.3 Мерки за заштита и спасување од урнатини ........................................................................................................ 72

8.4 Мерки за заштита од природни непогоди ........................................................................................................ 72

8.5 Мерки за заштита од воени разурнувања ........................................................................................................72

9. Билансни показатели ........................................................................................................ 73

10. Попречни профили на сообраќајната инфраструктура ........................................................................................................ 76

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА ........................................................................................................ 78

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби што важат за целиот плански опфат ........................................................................................................ 78

2. Посебни услови за изградба ........................................................................................................ 84

3. Посебни услови за изградба за секој блок поединечно ........................................................................................................ 87

ГРАФИЧКИ ДЕЛ
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
1. Извод од ГУП 1:10000
2. Извод од ДУП 1:1000

3. Ажурирана геодетска подлога 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби 1:1000
5. Инвентаризација и снимка на изградениот градежен фонд 1:1000
6. Инвентаризација и снимка на споменични целини 1:1000
7. Инвентаризација и снимка на постојната комунална инфраструктура 1:1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1. Регулационен план 1:1000
2. План на површини за градење 1:1000
3. Сообраќаен и нивелациски план 1:1000
4. Инфраструктурен план 1:1000
5. План на споменични целини 1:1000
5. Синтезен план 1:1000

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел на планот;
- Графички прилози;
- Нумерички дел;
- Услови за градба;
- Програма за измена и дополнување на Програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2013 година донесена со бр. 07-238/6 од 9.1.2013 г. и објавена со Решение бр. 08-238/7 од 10.1.2013 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2014 година донесена со бр. 07-8894/2 од 26.12.2013г. и објавена со Решение бр. 08-8894/3 од 27.12.2013 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2015 година донесена со бр. 08-7874/2 од 25.12.2014 г. и објавена со Решение бр. 08-7874/3 од 26.12.2014 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2016 година донесена со бр. 08-6965/8 од 17.12.2015 г. и објавена со Решение бр. 09-6965/9 од 18.12.2015 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2017 година донесена со бр. 08-5943/2 од 27.12.2016 г. и објавена со Решение бр. 09-5943/3 од 28.12.2016 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година донесена со бр. 08-5371/12 од 27.12.2017 г. и објавена со Решение бр. 09-5371/13 од 27.12.2017 г.;

- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2019 година донесена со бр. 08-5616/8 од 25.12.2018 г. и објавена со Решение бр. 09-5616/9 од 25.12.2018 г.;
- Планска програма со тех. бр. 004/01/15 од јануари 2015 година изработена од изработувачот на планот ДППИ Тајфа - план ДОО Скопје, Предлог за одобрување до Градоначалникот бр. 09-618/2 од 17.2.2015 г. и Решение за одобрување на планска програма 09-618/3 од 3.3.2015 г.;
- Извештај од извршена стручна ревизија од ДООЕЛ „НИМАЕР" - Струга д.е. Скопје, бр. 03-489/16 од ноември 2016 г. и Одговор на стручна ревизија од изработувачот на планот, тех. бр. 004/01/15 од ноември 2016 г.;
- Решение за формирање комисија што дава мислења по плановите, бр. 09-3949/1 од 11.08.2016 г.;
- Мислење по планот од комисијата формирана од Градоначалникот, бр. 26-36/9 од 6.12.2016 г.;
- Одлука за утврдување нацрт-план донесена од Советот на Општината со бр. 08-5826/38 од 9.12.2016 г. со решение за објавување на одлуката донесено од Градоначалникот на Општината со бр. 09-5826/39 од 9.12.2016 г.;
- Решение за спроведување јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-942/1 од 21.2.2017 г.;
- Соопштение за јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-942/2 од 21.2.2017 г.;
- Решение за формирање стручна комисија, бр. 09-942/5 од 22.2.2017 г.;
- Известување од стручната комисија бр. 08-942/12 од 21.7.2017 г., Заклучок по известувањето од Советот на Општината бр. 08-3551/20 од 31.8.2017 г. и Решение за објавување на Заклучокот од Градоначалникот на Општината бр. 09-3551/21 од 31.8.2017 г.;
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-1949/8 од 31.10.2018 г. со вклучени: Записник од јавната презентација, бр. 26-942/6 од 8.3.2017 г. и Записник од јавната анкета;
- Заклучок за спроведување на повторна јавна презентација и јавна анкета бр. 09-1949/9 од 31.10.2018 г.;
- Решение за спроведување на повторна јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-1949/11 од 8.11.2018 г.;
- Соопштение за повторна јавна презентација и повторна јавна анкета, бр. 09-1949/12 од 8.11.2018 г.;
- Извештај од повторна јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-510/19 од 15.5.2019 г. со вклучени: Записник од повторна јавна презентација, бр. 26-510/2 од 7.2.2019 г. и Записник од повторна јавна анкета;
- Измена и дополнување на Извештајот по повторната јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-510/34 од 16.8.2019 г.;
- Известување за постапување по Извештајот од повторната јавна презентација и јавната анкета бр. 09-510/20 од 15.5.2019 г.;
- Заклучок за неспроведување на повторна јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-510/38 од 22.8.2019 г.;

- Барање до Град Скопје бр. 09-510/40 од 13.9.2019 г. и Одлука за укинување на Одлуката за донесување Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за четврт Ј 06, бр. 27-8703/1 од 19.9.2019 г. (наш бр. 26-4729/1 од 20.9.2019 г.);
- Известување за согласност од Агенцијата за катастар на недвижности бр. 0928-5956/4 од 21.6.2016 г. (наш бр. 26-36/7 од 23.6.2016 г.);
- Одлука за неспроведување на стратегиска оцена бр. 09-618/5 од 11.3.2015 г.;
- Решение за одобрување на ЗКО од Управата за заштита на културното наследство, бр. УП 17-321 од 7.7.2014 г.;

- Известување од Министерството за животна средина и просторно планирање, бр. 15-2681/2 од 31.3.2015 г. (наш бр. 28-618/7 од 1.4.2015 г.);
- Одговор од ЈП Водовод и канализација, бр. 1301-379/2 од 15.2.2019 г.;
- Мислење од ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 14-3/35 од 14.2.2019 г.;
- Одговор од Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-3770 од 29.11.2018 г. (наш бр. 26-1949/24 од 3.12.2018 г.);
- Мислење од Македонски телеком АД Скопје, бр. 07-166367/2 од 23.3.2018 г.;
- Позитивно мислење од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување - Центар бр. 09-12/2 од 25.1.2019 г. (наш бр. 26-510/15 од 17.4.2019 г.);
- Мислење од АД ГА-МА Скопје, бр. 0308-909/2 од 8.7.2019 г.;
- Мислење од Министерството за здравство, бр. 23-4268/2 од 11.6.2019 г. (наш бр. 26-510/25 од 12.6.2019 г.);
- Известување од Министерството за труд и социјална политика, бр. 03-8942/2 од 24.8.2018 г.;
- Мислење од Управата за заштита на културното наследство, бр. 17-2375/4 од 26.7.2018 г.;
- Мислење од Град Скопје, бр. 13-4006/3 од 1.7.2019 г. (наш бр. 26-510/28 од 3.7.2019 г.) и Мислење од Град Скопје бр. 13-4006/2 од 23.4.2019 г. (наш бр. 26-510/17 од 30.4.2019 г.) и
- Согласност од Министерството за транспорт и врски, бр. 24-7336/3 од 27.9.2019 г. (наш бр. 26-510/41 од 30.9.2019 г.).

**Член 5**

Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, се заверува со печат на Општина Центар-Скопје и со потпис на претседателот на Советот на Општина Центар-Скопје во седум примероци од кои:
Еден се чува во архивата на Општина Центар-Скопје;
Еден се чува во Секторот за урбанизам во Општина Центар-Скопје;
Еден се доставува до надлежниот Државен архив;
Еден се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат;

Еден се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности;
Еден се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам;
Седмиот примерок се изложува во Општина Центар-Скопје заради достапност на јавноста.

**Член 6**

Советот на Општина Центар-Скопје во рок од 30 дена од донесувањето на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, е должен да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон.

Картираните подлоги ѝ се предаваат на Агенцијата за катастар на недвижности на чување и користење.

**Член 7**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, со сите нејзини делови се чува и за нејзина реализација се грижи Секторот за урбанизам во Општина Центар-Скопје.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5980/6
10.12.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на чле н 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изземање на јавните објекти на територија на Општина Центар-Скопје чии градежни парцели се опфатени со Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година**

Се објавува Одлуката за изземање на јавните објекти на територија на Општина Центар-Скопје чии градежни парцели се опфатени со Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година.

Бр. 09-5980/9
10.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), како и врз основа на Одлуката на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година, Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## за изземање на јавните објекти на територија на Општина Центар-Скопје чии градежни парцели се опфатени со Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година

### Член 1

Основните училишта и јавните установи за деца - детски градинки претставуваат објекти што вршат работи од јавен интерес.
Основните училишта и јавните установи за деца - детски градинки спаѓаат во надлежностите на Општина Центар-Скопје како работи од јавен интерес од локално значење.
Објектите од став 1 и 2 од оваа Одлука и градежните парцели врз кои почиваат се изземаат од Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година.

### Член 2

Од Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година **СЕ ИЗЗЕМААТ** градежните парцели врз кои почиваат следниве основни општински училишта:

1. ООУ „Кирил и Методиј“ - ГП 1.3 ДУП урбан блок Пресвета Богородица, донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-2575/16 од 20.12.2007 година,
2. ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ - ГП 20.14. ДУП за дел од локалитетот Буњаковец 1 УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, донесен на Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.5.2012 година,
3. ООУ „Коле Неделковски“ - ГП 2.1 ДУП Дебар Маало 2, донесен од Советот на Општина Центар-Скопје со Одлука бр. 07-7327/2 од 28.12.2009 година,
4. ООУ „Гоце Делчев“ - ГП 8.21 ДУП Голем Ринг-Запад, донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-5569/18 од 18.7.2012 година.

## Член 3

Од Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови бр. 08-1859/2 од 27.3.2019 година **СЕ ИЗЗЕМААТ** градежните парцели врз кои почиваат следниве јавни установи за деца - детски градинки:

1. ЈУД „Кочо Рацин" - Наум Наумовски Борче - ГП 8.01 ДУП Буњаковец 2, донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-9331/10 од 10.12.2012 година,
2. ЈУД „Кочо Рацин" - Панорама ГП 6.27 ДУП Тасино Чешмиче 1, донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-4414/6 од 18.7.2014 година,
3. ЈУД „13 Ноември" - Матичен објект - ГП 19.08 ДУП за дел од локалитетот Буњаковец 1 УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, Ум8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.5.2012,
4. ЈУД „13 Ноември" - Беко - ГП 8.16 ДУП Голем Ринг-Запад, донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-5569/18 од 18.7.2012 година,
5. ЈУД „13 Ноември" - Кукушка - ГП 27.3 ДУП Дебар Маало 2," донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-3727/2 од 28.12.2009 година,
6. ЈУД „13 Ноември" - Парк - ГП 7.3 ДУП Дебар Маало 2 донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-3727/2 од 29.12.2009 година,
7. ЈУД „Раде Јовчевски Корчагин" - Матичен објект - ГП 9.5 ДУП Голем Ринг-Исток, донесен од Советот на Општина Центар со Одлука бр. 07-2780/18 од 5.4.2012 година.

## Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5980/8
10.12.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година**

Се објавува Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 10.12.2019 година.

Бр. 09-5980/11
10.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

